# МАКЕДОНСКОТО МАЛЦИНСТВО ВО БУГАРИЈА ВО КОНТЕКСТОТ НА БУГАРО-МАКЕДОНСКИТЕ ОДНОСИ ОД 1945 Г. ДО ДЕНЕС

Стојко Стојков

Што има општо Гоце Делчев со оваа тема за да биде презентирана на денот на неговото раѓање?

Има многу општо.

Пред 59 години во бугарските учебници можеше да се прочита дека Гоце Делчев е „бесмртен водач и идеолог на македонското национално револуционерно движење“, кој водел „непомирлива и доследна борба против великобугарската политика спрема Македонија“, дека Илинден е „изведен исклучително со сопствени сили и средства на македонскиот народ“, дека движењето на ВМРО е „борба на македонскиот народ“.[1] Бугарските образовни планови од 1944 г. до денес преживеаја неколку превртувања по однос на македонската историја и народ. Се тргна во 1946 г. од тоа дека сојузите на кнезовите Хацон и Пребонд о 7 в. се први обиди за создавање држава на македонските Словени, а Самуиловото царство е прва држава на македонските Словени. Во периодот 1949 – 1963 г. се наметна нова теза дека македонската нација се оформува после 1878 г., но и тогаш Илинден, Јане и Гоце беа изучувачи како македонски и дел од македонската историја. Последната промена се случи по 1963 г. кога се преименува Илинденското востание во Илинденско-проебраженско, за да му се даде јасен бугарски карактер, а Гоце и Јане станаа бугарски револуционери и синови на бугарскиот народ, па дури и започнаа да се појавуваат нови спомени, кои да ги покажат во такво светло, спомени какви порано немаше. Слична трансформација преживеа и односот спрема македонскиот јазик. Изучуван во некои бугарски училишта во 1948 г., прогласен за србизиран и непотребен потоа, но сепак емитуван по бугарското радио, после 1963 г. истиот беше деградиран до дијалект на бугарскиот јазик. Од 1965 г. започна вистинска историографска и јазична војна која требаше да ја наметне бугарската визија за Македонија и нејзиното минато. Секој што не беше согласен беше прегазен – било да се тоа бугарски научници како Дина Станишева и академик Иван Левков, било да се тоа луѓе што се самоопределуваат како македонци. Така започна газењето на македонското малцинство, и во таа борба ликот на Гоце играше важна улога - за Македонците што даваа отпор тој беше инспирација, а бугарската страна се трудеше да ја одземе оваа инспирација на секоја цена, да им го скрши духот. Започнатото пред 60 години денес е издигнато на меѓународно ниво и пак Гоце е дел од конфликтот.

Нека понатаму разгледам две прашања.

1. На што се должеа овие промени?

2. Какви беа резултатите?

Иако владејачката комунистичка партија во Бугарија како и останатите комунистички партии на Балканот, после 1944 ја признаваше македонската нација, прашањето каква македонска нација треба да се оформи и поважно со кој од трите главни балкански политички центри треба да биде

---

[1] Дино Кьосев, 138, 157, 166, 170, 173, 320.

обврзана, токму сега стана актуелно. Софија инсистираше македонската нација да биде колку што е можно повеќе обврзана со Бугарија.

На првата етапа како поразена земја и во сенка на Југославија Бугарија требаше да прифаќа и по-македонски решенија отколку ѝ се допаѓаа, но дури и тогаш се пројави јасен стремеж да се обезбеди бугарско влијание во новата македонска република преку оформување во неа на што побројно бугарско малцинство, преку слободно растурање на бугарски весници и книги, немање било каква граница меѓу двете држави и обезбедување на подобри позиции на македонските кадри израснати по линија на БКП.

Судирот околу информбирото даде можност за промена и сега новата цел беше присоединување на Македонија кон Бугарија под слоганот за обединување на Македонија. За да биде таа идеја привлечна за Македонците македонската нација не беше одречена, но беше редефинирана на пробугарска основа. Таа беше прогласена за настаната од бугарската нација после 1878 г. а македонскиот јазик беше проблематизиран како србизиран, неразбирлив за сите Македонци и на практика непотребен зашто илинденците веќе го користеле бугарскиот. Како вид на уцена кон Македонците и манипулација со нивната желба за обединета Македонија беше издигната новата теза дека наводно Македонците се малцинство дури и во Пиринска Македонија, така што Пирин не може да се одделува од Бугарија и ако македонскиот народ сака да се обедини, тоа може да стане само во Бугарија, каде освен тоа има *вистински*, а не *лажен* комунизам. Пиринска Македонија во таа смисла беше прогласена за Пиемонт за обединување на Македонија во рамките на Бугарија. Бидејќи наводниот малцински статус на Македонците дури и во рамките на Пиринска Македонија противречеше на резултатите од пописот од 1946 г. според кој Македонците таму се мнозинство, тие беа прогласени за претерани и нереални.

Два моменти доведоа до следната и веќе перманентна промена. Прво – нормализацијата на односите Москва - Белград стави крај на надежите за присоединување на СР Македонија кон Бугарија. Второ, резултатите од пописот во 1956 г. добиени при гаранција за целосна слобода на самоопределбата обезбедена од комунистичката власт убедена дека слободата ќе покаже малцинскиот статус на Македонците, спротивно покажа мнозинство од 63 % Македонци во Пиринска Македонија. Новиот императив сега беше како да не се дозволи СР Македонија да има претензии кон Пиринска Македонија и така после серија интелектуални лупинзи истата беше најдена во уништувањето на самото малцинство: нема малцинство – нема проблем. Така беше формулирана новата линија на бугарската држава во 1963 г., која во полна сила и до денес. Таа се состои во две фундаментални догми:

- Македонско малцинство во Бугарија нема и не може да има.

- Македонската нација е реалност само во Р Македонија и ќе биде признаена само откако се редефинира на пробугарска основа.

Какви беа ефектите од новата политика?

Стотици луѓе отидоа в затвор во првата деценија по смената на политиката, илјадници беа иселувани во најоддалечените краишта на Бугарија, отпуштани од работа, бркани од училиште,

тепани, заплашувани. Главно млади и сеуште неисплашени луѓе, ученици, чија вина е во тоа што се чувствуваат Македонци, зборуваат јавно или се собираат да дискутираат тајно за тоа дека се Македонци и да ѝ се спротивстават на антимакедонската линија на Софија со летоци, натписи, разговори, песни и мечти. Овие жртви до ден денес не се рехабилитирани и нивно друштво не може да се регистрира во Бугарија. Истите беа прогонувани за „промакедонски национализам" и меѓу 1963 – 1983 г. беа главна мета на одделот на службите за безбедност, што работеше против малцинствата. Повеќе ресурси во тој период беа фрлени против македонското малцинство отколку против во пати по-многубројното турско малцинство, зад кое стоеше надмоќен капиталистички сосед член на НАТО, додека македонското уживаше само млака симпатија – не поддршка од необврзаната социјалистичка Југославија. И сепак македонското малцинство беше видено од Бугарија како поголема опасност.

*- Од македонските комунистички лидери и кадри во БКП, откако сфатија дека вратите им се затворени за кариера во Македонија.*

*- Како идентитетска закана за голем процент од елитата со потекло од Македонија, но реализирана на бугарско национално поле.*

*- Како несварливо туѓо тело за бугарскиот национален мит и идеологија.*

*- Затоа што беше побезбеден објект за вежбање на националистички мускули во новиот процес на изградба на единствена бугарска социјалистичка нација и и „национална преродба" во условите на советска доминација..*

Така Македонците станаа жртва на првиот од така наречените преродбенски процеси во Бугарија - единствениот што останува сеуште не само неосуден но и продолжува да биде актуелна државна политика – последната тоталитарна комунистичка политика во Европската унија денес.

Падот на комунизмот донесе само две промени:

- Не се праќа во затвор или заточеништво затоа што си Македонец.

- Од 2007 г. запреа насилните растурања на мирните македонски собори.

Пост-комунистичка Бугарија се придржува до денес кон мантрата на Тодор Живков – македонско малцинство во Бугарија нема и не може да има. Македонската самосвест и самоопределба без никоја разумна причина се третираат како национално предавство, антидржавна дејност и закана за единството и територијалниот интегритет на Бугарија. Ниту едно од правата предвидени со Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства не им е дадено на Македонците независно што истата е ратификувана од Бугарија. Нарушено им е базично и фундаментално за демократијата право како тоа да создаваат и партиципираат преку свои партии и организации во општествениот и политички живот, при што оние од нив кои имаат второ македонско државјанство немаат право да се кандидатираат на избори за никаква изборна позиција. Заради нивната етничка припадност се постојан објект на говор на омраза, кој никогаш не се казнува. За пример што мислам под говор на омраза ќе посочам: лидер на парламентарно претставена партија во 2006 г. изјави по националните медиуми дека членовите на ОМО „Илинден"-ПИРИН треба да бидат стрелани на

улица. Кандидатот за претседател на президентските избори во истата година и лидер на парламентарна група Волен Сидеров изјави дека ќе им го одземе државјанството на членовите на истата партија. А двајца парламентарци изјавија дека членовите треба да се натоварат на камиони и истоварени во затвор. Поводот – 5700 бугарски државјани се обидоа да си ја пререгистрираат забранетата партија откако Стразбур одлучи во нивна корист. За тоа сите беа викани и испрашувани во полиција, некои и по три пати. Такви практики на говор на омраза и викање на членовите на распит последно се забележани .... минатата година. Преку сето тоа Македонците се систематски заплашувани, маргинализирани, изолирани, стигматизирани и исклучени од општествениот и политичкиот живот на земјата во која живеат. Обидите да си ги бараат и заштитат правата преку бугарските институции константно се отфрлани и блокирани. Бугарските власти одбиваат да започнат дијалог со нив за постоечките проблеми независно од редовните препораки кон нив за тоа од страна на институциите во рамките на Советот на Европа во последните 18 години и наспроти 14 пресуди од страна на Европскиот суд за човекови права. Претседателот Радев не само што нема прифатено ниту едно од барањата на организациите на бугарските граѓани со македонска самосвест да ги прими, но дури и не ги удостојува со било каков одговор, а како што слушнавме и новиот премиер категорично одбива да зборува за македонското малцинство.

Бугарската позиција продолжува да се води од истите цели. Затоа и Гоце се најде во центарот на вниманието, тој како клучна митска фигура е неизбежен дел од процесот на редефинирање на македонската нација на пробугарска основа. Истото е во основата на барањата за јазикот и историјата. Македонската нација треба да прифати дека настанала на бугарска основа после 1944 г. и следствено никакво македонско малцинство во Бугарија не може и не смее да има. Од тука и гневните реакции во Бугарија на секое искажување или постапка во корист на тоа малцинство во Македонија. Имено тоа се разбира како говор на омраза во Бугарија – тврдењето дека македонската нација не е бугарска, дека македонскиот јазик не е бугарски и дека во Бугарија има македонско малцинство. Самоопределбата и сопственото мислење за себе се третираат говор на омраза.

Бугарија се обидува да ги редефинира Македонија и македонската нација како свој разгранок, како лојален вазал, а не како независен субјект. Од тука и максимата издигната во последните 12 години „Македонија во Европа да, македонизмот – не“, е само нов превод на максимата на Тодор Живков.

Од другата страна македонската политичка елита не пројавува желба и волја да одговори на предизвикот што доаѓаат од Бугарија и покажува комплетната незаинтересираност да се застапи за македонското малцинство. Колку што е Бугарија заинтересирана македонското малцинство да исчезне, толку е македонската политичка елита незаинтересирана за неговото постоење. Ако Македонија го имаше само половината од интересот што го демонстрира Бугарија – македонското малцинство ќе беше признаено пред 2000 г. И Македонија веќе трета година ќе беше во процесот на евроинтеграција.

Безрбетието на македонските влади ја прави Македонија одлична мета за вежбање и засилување на крајниот национализам на Балканот и ги става во опасност интересите на македонските државјани и не само на нив.